**20080861594**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 јули 2008 година.

Бр. 07-2773/1
8 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Член 1

Во Законот за нотаријатот ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2007), во членот 8 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

"(9) Бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија, ги определува министерот за правда."

Член 2

Во членот 13 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

"(7) Формата и содржината на печатот, сувиот и водниот жиг, штембилите и фирмата на нотарот, ги пропишува министерот за правда."

Член 3

Во членот 46 став (2) зборовите: "јавниот правобранител" се заменуваат со зборовите: "државниот правобранител".

Во ставот (3) зборовите: "јавниот правобранител" се заменуваат со зборовите: "државниот правобранител", а зборовите: "Јавниот правобранител на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Државниот правобранител на Република Македонија".

Член 4

Во членот 98 став (11) зборот "заменик" се брише.

Член 5

Во членот 138 по ставот (1) се додаваат три нови ставови (2), (3) и (4), кои гласат:

“(2) Наградата на нотарите од ставот (1) на овој член, се одредува:

1) според сложеноста и видот на нотарската исправа и

2) според времето и местото потребно за подготовка и вршење на одредени службени дејствија.

(3) За дејствата за кои не може да се определи награда врз основа на критериумите од ставот (2) на овој член се определува паушален износ, без оглед на вредноста или времето потребно за преземање на определени службени дејствија.

(4) Трошоците на нотарот за извршените службени дејствија се определуваат според реално направените трошоци за изработка на одделни нотарски исправи, трошоците за службените дејствија преземени надвор од нотарската канцеларија и трошоците за превоз.”

Член 6

Во членот 144 став (4) процентот “50%” се заменува со процентот “75%”.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.